SAINT-GOBAIN ISOVER Rigips weber

Habitat for Humanity® Macedonia

we build together!

Saint - Gobain Волонтерски Ден со Хабитат Македонија

# Реконструкција и енергетска ефикасност на Центарот за помош на лица со ментален хендикеп - Порака Неготино




На 12-ти јуни, 2019, тимовите на Saint-Gobain и Хабитат Македонија, заедно со дел од тимот на Порака Неготино, организираше волонтерски ден и така се започна со имплементацијата на проектот за реконструкција и енергетска ефикасност на Центарот за подршка на лица со ментален хендикеп Порака Неготино. И покрај тоа што беше многу топло, волонтерството на градилиштето во Неготино беше одлична можност локалните вработени на Saint-Gobain да дадат личен придонес на заедничкиот проект со Хабитат Македонија, преку обезбедување на техничка подршка како и со учество на спроведување на градежните работи.

Волонтерскиот ден започна со теоретска и практична обука на работниците вклучени во реновирањето на објектот и за вработените од Хабитат и Saint-Gobain. Тимовите тогаш започнаа да работат на поставувањето на изолационите материјали на новата фасада. Рака под рака, сплотени вработените на Saint-Gobain и вработените во Хабитат Македонија заедно со луѓето од Порака Неготино го поставуваaa градежниот материјал и споделуваа искуства и со заедничка помош, си помагаа за градење на "заедништвото" кое ќе придонесе кон подобра соработка и подобра цел– за помош на луѓето кои имаат потреба за пристојни домови.

Проектот „Реконструкција и енергетска ефикасност на Центарот за помош на лица со ментален хендикеп

- Порака Неготино" има цел за сместување на 20 деинституционализирани лица со ментален хендикеп и предвидува енергетски ефикасна фасада, внатрешни поправки и севкупно подобрување на квалитетот на условите за живеење. Со ова директно се поддржуваат напорите на Порака – Неготино да им овозможи здрави услови за живот на лицата со ментален хендикеп надвор од институциите, со што ќе се олесни нивната интеграција во заедницата, како и да им се овозможи да бидат самоодржливи и продуктивни. Дополнително, подобрената енергетска ефикасност на куќите ќе ги олесни пониските трошоци за електрична енергија за оваа заедница, што пак ќе доведе до намалување на емисиите на јаглерод диоксид.

Радоста на заедничкото работење на корисниците ни ги стопли срцата. И се вративме побогати со насмевки, добра причина и добра работа и покрај топлото време. Менаџерите на Saint-Gobain и Хабитат Македонија добија како благодарност – рачно изработени подароци од жителите на Порака Неготино.

„Оваа поддршка е од исклучителна важност за нашата организација Порака-Неготино, а пред се за нашите корисници, односно лицата со посебни потреби, кои се деинституционализираат преку сместување во станбени единици. Подобрувањето на ваквите услови за живот преку реконструкција и подобрена енергетска ефикасност на единиците е секако од исклучителна важност за жителите на овие згради, а донацијата на печатачот ќе придонесе за идното вклучување во заедницата" - изјави Гордана Трајковска. Претседателот на Порака-Неготино во врска со важноста на оваа донација.

Би сакале да им се заблагодариме на сите волонтери кои дадоа свој личен придонес за градежните работи на нашиот проект во Неготино, втор во Македонија! Задоволство е да се биде ангажиран како вработен во Saint-Gobain на проекти поддржани од Фондацијата Saint-Gobain Initiatives во духот на „Ние градиме заедно" и сите со нетрпение очекуваме слични настани во иднина.




**Проектот „Реконструкција и енергетска ефикасност на Центарот за поддршка на лица со ментален хендикеп– Порака Неготино"** е втор проект што заеднички го спроведуваат Saint-Gobain и Хабитат Македонија, чија цел е подобрување на условите за живот, како и зајакнување на капацитетите на ранливите групи со цел да се олесни нивната интеграција во локалната заедница. Во рамки на донаторските активности, компанијата Saint-Gobain преку Фондацијата Saint-Gobain Initiatives донираше 37.500 евра за овој проект, а Хабитат Македонија придонесува со 14.000 евра.

**Локален спонзор:**
Нада Добревска,
Претставништво на Saint-Gobain Македонија



15.05.2019 година

Меѓународната корпорација Фондацијата Saint-Gobain Initiatives со седиште во Франција и Хабитат Македонија, дел од мрежата на Habitat for Humanity International, потпишаа договор за соработка кој вклучува финансиска поддршка за проектот „Реконструкција и енергетска ефикасност на Центарот за помош на лица со ментален хендикеп Порака – Неготино".

„Иновативните решенија на нашата компанија Saint-Gobain, создаваат средини за живеење што го подржуваат комфорот, високиот квалитет на живот и одржливоста како модел за идните генерации да развиваат средини за живеење со висока свесност за животната средина. Веруваме дека придобивките од нашата донација, ќе обезбедат далеку повеќе одржливи и подостоинствени услови за живот за корисниците на Центарот за помош на лица со ментален хендикеп „Порака Неготино" – изјави Томаш Росак, Главен извршен директор на Saint-Gobain за Источна Европа на официјалната церемонија на потпишување на договорот.

Соработката на двете институции започна пред две години со првата донација преку реализацијата на проектот за обезбедување на енергетска ефикасност за Здружението на пензионери во Кавадарци.







# Реконструкција и енергетска ефикасност на Центарот за помош на лица со ментален хендикеп - Порака Неготино